# З А П И С Н И К

## од дваесет и втори состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година

Дваесет и вториот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 28.07.2025 година, во 12:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата како и предлог- Дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за дваесет и вториот состанок на Комисијата на АЕК во 2025 година;
2. Усвојување на записникот од дваесет и првиот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Барање на согласност за јавна набавка на услуга Систем за сајбер безбедносен надзор над мрежни инфраструктури 4-дел;
4. Барање на согласност за јавна набавка на стока Софистицирана мерна опрема за контрола и мониторинг на радиофреквенции-преносни спектрални анализатори за мерење на интерференции и point -to-point линкови, антенски сетови и специјално теренско мерно возило;
5. Разгледување на Кварталниот извештај за работењето на Агенцијата за електронски комуникации во вториот квартал од 2025 година;
6. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за дваесет и вториот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што едногласно го усвоија записникот од претходниот состанок.

Во врска со точка 3, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга Систем за сајбер безбедносен надзор над мрежни инфраструктури 4-дел.

Во врска со точка 4, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на стока Софистицирана мерна опрема за контрола и мониторинг на радиофреквенции-преносни спектрални анализатори за мерење на интерференции и point -to-point линкови, антенски сетови и специјално теренско мерно возило.

Во врска со точка 5, Комисијата го разгледа Кварталниот извештај за работењето на Агенцијата за електронски комуникации во вториот квартал од 2025 година .

Под точка разно Комисијата го разгледа барањето за финансиска донација на Национална установа-Центар за култура ,,Бели Мугри,, Кочани, заведено под Наш број 1102-34/1 од 17.07.2025 година, и едногласно даде согласност за бараната донација. Комисијата го задолжи Директорот на Агенцијата за електронски комуникации да склучи Договор за донација со Национална установа-Центар за култура ,,Бели Мугри,, Кочани, и да се обрати до Министерството за правда на Република Северна Македонија со цел да побара согласност за потврдување на јавниот интерес на донацијата.

Седницата заврши во 14:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател_______

д-р Адмирим Алити, член _______

Анѓелка Диневска, член_______

Насер Адеми, член_______

Анкица Трпковска, член_______

Наш број 1102 - 38/2

Скопје 28.07.2025 година